**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-204
13.04 **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-1806/1 од 04.04.2018 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми од страна на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје во рамките на својот програмски сервис во дел од емитуваните програми, на 2 март 2018 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-1806/1 од 04.04.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот

за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 4 април 2018 година, изврши редовен административен надзор на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 2 март 2018 година, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми, на начин што во дел од програмите емитувани на 2 март 2018 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорното лице на медиумот, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Имено, констатирано е дека емисиите емитувани на 2 март 2018 година во рамките на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, и тоа: Документарната програма „Мавровски хидроенергетски систем“ емитувана во периодот од 04:24:22 часот до 05:04:17 часот; Документарната програма „Памукот во Македонија“ емитувана во периодот од 05:58:05 часот до 06:20:03 часот; и Вестите (во рамките на утринската програма “Ditë e re“/„Нов ден“ емитувани во периодот од 08:00:31 часот до 08:20:12 часот, не ги содржеа податоците од член 14 од Законот за медиуми на одјавната шпица.

Повредата од точка 1 од ова решение, спецdown определена е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-1806/1 од 04.04.2018 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-1806/1 од 04.04.2018 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно со член 14 од Законот за медиуми, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе Решение, со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
-Писмен извештај за извршен административен надзор бр.10-1806/1 од 04.04.2018 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје;
- Сектор за правни и економско – финансиски работи;
- Сектор за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
04-04-2018
10 1806 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 март 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 април 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 2 март 2018 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми**.

Во дел од програмите емитувани на 2 март 2018 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорното лице на медиумот, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е

преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**2.03.2018**

| **Наслов на емисија** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| Документарна програма „Мавровски хидроенергетски систем“ | 04:24:22 | 05:04:17 | Секоја од наведените емисии не ги содржи податоците од член 14 од Законот за медиуми на одјавната шпица. |
| Документарна програма „Памукот во Македонија“ | 05:58:05 | 06:20:03 | |
| Вести (во рамките на утринската програма "Ditë e re"/„Нов ден") | 08:00:31 | 08:20:12 | |
| | | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 2 март 2018 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*